РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-3729/2
01-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на ден 27.02. 2023 година донесе

О д л у к а

Пријавата заведена под број 12-3729/1 од 29.10.2020 година, со наводи за незаконитости на доделување на средства од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, **СЕ ОТФРЛА** .

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување по предмтот поради тоа по пријавените наводи ДКСК има постапено и има донесено одлука од своја надлежност, а против пријавеното лице се водат постапки по кривични пријави поднесени до Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-3729/1 од 29.10.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 29.10.2020 година, поднесена е пријава заведена под број 12-3729/1 од 29.10.2020 година, по која е оформен предмет со наводи за незаконитости на доделување на средства од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на ------- ------- ----------- --------. Во кокретниот случај се работи за проект од 2019 година, финасиран од програмата Еразмус +, кој траел две години односно до 31.08.2021 година, во кој партнер бил и наведеното средно училиште заедно со уште две училишта.

При разгледувањето на пријавата и од извршени проверки во интерната евиденција на ДКСК, дојдено е до сознание дека по однос на предметните пријавени наводи ДКСК веќе има постапено по предмет оформен по анонимна пријава за злоупотреба на средства од европски фондови, поточно за злоупотреба на фондовите на Европската унија од европските програми Еразмус плус, Евридика, Еуропас и Еурогајденс од страна на директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, ------- ---------, заведен под број 12-1976/1 од 15.05.2020година, и кон него споените предмети со бр. 12-2091 од 2020 и број 12-2841 од 2020 година.

При надлежното постапување по наведените предмети ДКСК на својата 45-та седница, одржана на ден 29.12.2020 година има донесено одлука со која постката по предметите се запира.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во тек се постапки по две кривични пријави поднесени во врска со Националната агенција за европски програми и мобилност, а исто така лицето против кого е поднесена пријавата до ДКСК, е веќе разрешено од функцијата директор со Одлука за разрешување на директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност која е донесена од страна на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК има постапено и има донесено одлука од своја надлежност, а против пријавеното лице се во тек постапки по кривични пријави поднесени до Основното јавно обвинителство Скопје. Оттаму, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по доставената анонимна пријава и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК